**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 31 декември 2020 година

## Соопштение за печат

## Позначајни промени кај надворешниот долг, надворешните побарувања и меѓународната инвестициска позиција: трет квартал 2020 година

На крајот на третиот квартал од 2020 година, **бруто надворешниот долг** изнесува 9.087 милиони евра и забележа квартален раст. Зголемување на квартална основа забележаа и **бруто надворешните побарувања,** коишто на крајот на кварталот изнесуваат 5.946 милиони евра. При повисок квартален раст на обврските во однос на побарувањата, **нето надворешниот долг** забележа раст од 187 милиони евра, со што на крајот на септември 2020 година тој изнесува 3.141 милион евра. Притоа, зголемувањето на нето надворешниот долг во третиот квартал произлегува од зголемениот јавен нето-долг (за 201 милион евра), во услови на пад на приватниот нето-долг (за 14 милиони евра).

### Надворешна задолженост и меѓународна инвестициска позиција на Република Северна Македонија

| | 31.12.2019 | | 30.06.2020 | | 30.09.2020 | | квартална промена | | | промена во однос на крај на претходна година | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | мил. евра | % БДП | мил. евра | % БДП | мил. евра | % БДП | мил. евра | % | п.п. | мил. евра | % | п.п. |
| **Бруто надворешен долг** | **8,154.4** | **72.7** | **8,787.1** | **80.6** | **9,086.6** | **83.4** | **299.5** | **3.4** | **2.7** | **932.2** | **11.4** | **10.6** |
| ***Бруто надворешен долг без репо*** | ***8,154.4*** | ***72.7*** | ***8,712.8*** | ***80.0*** | ***8,862.1*** | ***81.3*** | ***149.3*** | ***1.7*** | ***1.4*** | ***707.7*** | ***8.7*** | ***8.6*** |
| Долгорочен долг | 6,068.4 | 54.1 | 6,753.3 | 62.0 | 6,827.9 | 62.7 | 74.6 | 1.1 | 0.7 | 759.5 | 12.5 | 8.5 |
| Краткорочен долг | 2,086.0 | 18.6 | 2,033.8 | 18.7 | 2,258.7 | 20.7 | 224.9 | 11.1 | 2.1 | 172.7 | 8.3 | 2.1 |
| Јавен долг | 3,836.6 | 34.2 | 4,460.3 | 40.9 | 4,642.3 | 42.6 | 182.0 | 4.1 | 1.7 | 805.7 | 21.0 | 8.4 |
| Приватен долг | 4,317.8 | 38.5 | 4,326.8 | 39.7 | 4,444.3 | 40.8 | 117.6 | 2.7 | 1.1 | 126.5 | 2.9 | 2.3 |
| **Бруто надворешни побарувања** | **5,357.0** | **47.8** | **5,832.7** | **53.5** | **5,945.6** | **54.6** | **112.9** | **1.9** | **1.0** | **588.6** | **11.0** | **6.8** |
| ***Бруто надворешни побарувања без обратни репо*** | ***5,357.0*** | ***47.8*** | ***5,757.1*** | ***52.8*** | ***5,721.0*** | ***52.5*** | ***-36.0*** | ***-0.6*** | ***-0.3*** | ***364.1*** | ***6.8*** | ***4.7*** |
| **Нето надворешен долг** | **2,797.4** | **25.0** | **2,954.4** | **27.1** | **3,141.1** | **28.8** | **186.6** | **6.3** | **1.7** | **343.6** | **12.3** | **3.9** |
| **МИП, нето** | **-6,458.4** | **-57.6** | **-6,720.6** | **-61.7** | **-6,831.9** | **-62.7** | **-111.3** | **1.7** | **-1.0** | **-373.5** | **5.8** | **-5.1** |

*/ Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2019 година е претходен (извор: Државен завод за статистика, соопштение „Бруто домашен производ, трето тримесечје од 2020 година" од 7.12.2020 година). Податокот за 2020 година е проекција на НБРСМ (ноември 2020).

Извор: НБРСМ, ДЗС.

Негативната **нето меѓународна инвестициска позиција[1],** на крајот на септември 2020 година, изнесува 6.832 милиона евра, или 62,7% од проектираниот БДП[2] за 2020 година. Од овој износ, најголемиот дел, или 84%, се нето-обврски врз основа на директни инвестиции, од кои 76% се врз основа на сопственички капитал.

[1] Меѓународната инвестициска позиција (МИП) претставува статистички извештај којшто ги прикажува состојбите на надворешните финансиски средства и финансиски обврски на Република Северна Македонија на определен датум, т.е. побарувањата од и обврските кон нерезидентите врз основа на финансиски инструменти. Притоа, негативната нето меѓународна инвестициска позиција значи дека финансиските обврски ги надминуваат финансиските побарувања од нерезидентите.

[2] Податокот за БДП за 2020 година е проекција на НБРСМ (ноември 2020).

## *Бруто надворешен долг*

Бруто надворешниот долг, на крајот на септември од 2020 година, изнесува 9.087 милиони евра (или 83,4% од БДП) и бележи квартално зголемување од 300 милиони евра (или за 3,4%). Доколку од долгот се исклучи ефектот од специфичните активности за управување со девизните резерви на централната банка[3], бруто-долгот бележи квартално зголемување од 149 милиони евра. Остварениот раст е резултат главно на зголемениот приватен долг за 118 милиони евра, а во помал обем и на зголемениот јавен долг (за 32 милиона евра). Растот на приватниот долг се објаснува со зголемените обврски на небанкарскиот приватен сектор и на капитално поврзаните субјекти (за 77 и 56 милиони евра, соодветно), наспроти намалените обврски на приватните банки (за 15 милиони евра). Во однос на јавниот надворешен долг (без специфичните активности за управување со девизните резерви на централната банка), раст е забележан кај обврските на јавните банки и јавните претпријатија (за 31 милион евра) и на секторот „држава" (за 2 милиона евра).







Извор: НБРСМ, ДЗС.

Во споредба со крајот на 2019 година, бруто надворешниот долг е повисок за 932 милиона евра, или за 11,4%. Со исклучен ефект од специфичните активности за управување со девизните резерви на централната банка, бруто надворешниот долг е зголемен за 708 милиони евра, при раст на јавниот надворешен долг (за 581 милион евра) и на приватниот надворешен долг (за 127 милиони евра). Растот на јавниот долг речиси во целост се објаснува со зголемените обврски на секторот „држава" (за 569 милиони евра), а умерен раст бележи и долгот кај јавните банки и јавните претпријатија (15 милиони евра). Истовремено, растот на приватниот долг произлегува од зголемените обврски на капитално

[3] Специфичните активности за управување со девизните резерви на централната банка се однесуваат на репо-договори и други операции поврзани со управувањето со девизните резерви. При случувањето на овие трансакции се создаваат обврски (класифицирани под категоријата „заеми") коишто придонесуваат за зголемување на нивото на бруто-долгот. Истовремено, при случувањето на овие трансакции во обратна насока, создадените побарувања придонесуваат за зголемување на бруто-побарувањата. НБРСМ најчесто истовремено ги извршува овие трансакции, во речиси идентични износи. Гледано во целина, бидејќи истовремено се случуваат, на нето-основа, овие трансакции имаат неутрален ефект, односно се јавуваат во речиси идентичен износ и на страната на обврските и на страната на побарувањата, поради што не се одразуваат на вкупниот нето надворешен долг.

поврзаните субјекти (за 102 милиона евра), како и на небанкарскиот приватен сектор и приватните банки (за 14 и 10 милиони евра, соодветно).

## ***Бруто надворешни побарувања***

Бруто надворешните побарувања, на крајот на третиот квартал од 2020 година, изнесуваат 5.946 милиони евра (или 54,6% од БДП) и оствариja квартално зголемување од 113 милиони евра (или за 1,9%). Доколку се исклучи ефектот од специфичните активности на централната банка поврзани со управувањето со девизните резерви, бруто надворешните побарувања се намалени за 36 милиони евра. Оваа квартална промена е резултат на намалените јавни побарувања за 168 милиони евра, во услови на зголемени приватни побарувања за 132 милиона евра. Падот на јавните побарувања произлегува од намалените побарувања на централната банка, а растот на приватните побарувања од зголемените побарувања на останатите сектори и на капитално поврзаните субјекти.







Извор: НБРСМ, ДЗС.

Во споредба со крајот на претходната година, надворешните побарувања се повисоки за 589 милиони евра. Без ефектот од специфичните активности за управување со девизните резерви на централната банка, бруто надворешните побарувања се зголемени за 364 милиони евра како резултат на зголемените приватни и јавни побарувања (за 201 и 163 милиони евра, соодветно). Растот на приватните побарувања се објаснува со зголемените побарувања на останатите сектори и капитално поврзаните субјекти (за 119 и 100 милиони евра, соодветно), при намалени побарувања кај депозитните институции (за 18 милиони евра). Растот на јавните побарувања е одраз на порастот на побарувањата на централната банка.

## *Нето надворешен долг*

На 30.9.2020 година, нето надворешниот долг изнесува 3.141 милион евра (или 28,8% од БДП). Нето надворешниот долг на земјата во третиот квартал од 2020 година е зголемен за 187 милиони евра, или за 6,3%. Од аспект на структурата, и понатаму поголемо учество во вкупниот нето-долг има приватниот нето-долг со 59%.

Во однос на крајот на 2019 година, нето надворешниот долг е зголемен за 344 милиони евра (или 12,3%), како резултат на зголемениот нето јавен долг (за 418 милиони евра) во услови на пад на нето приватниот долг (за 75 милиони евра).







Извор: НБРСМ, ДЗС.

## *Меѓународна инвестициска позиција, нето*

Негативната нето меѓународна инвестициска позиција (МИП) во текот на третиот квартал од 2020 година е зголемена за 111 милиони евра и изнесува 6.832 милиона евра, што претставува 62,7% од проектираниот БДП за 2020 година.

Кварталното зголемување на негативната нето-МИП произлегува од поголемото зголемување на обврските (за 269 милиони евра) во споредба со зголемувањето на средствата (за 157 милиони евра). Гледано по инструменти, нето-обврските врз основа на должнички инструменти бележат зголемување за 187 милиони евра, додека нето-обврските врз основа на сопственички инструменти се намалени за 75 милиони евра.

Во споредба со крајот на 2019 година, негативната МИП, нето, е зголемена за 373 милиони евра, во поголем дел како резултат на растот на нето-обврските врз основа на должнички

инструменти (за 344 милиони евра) надополнети со растот на нето-обврските врз основа на сопственички инструменти (за 30 милиони евра).

## Меѓународна инвестициска позиција на Република Северна Македонија

(во милиони евра)

| МИП, по инструменти | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | Кв.1 2019 | Кв.2 2019 | Кв.3 2019 | Кв.4 2019 | Кв.1 2020 | Кв.2 2020 | Кв.3 2020 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Меѓународна инвестициска позиција, нето** | **-3,629.5** | **-3,965.8** | **-4,177.6** | **-4,558.4** | **-4,549.0** | **-5,082.7** | **-5,576.0** | **-5,822.5** | **-6,039.5** | **-6,128.1** | **-6,194.5** | **-6,255.3** | **-6,458.4** | **-6,696.0** | **-6,720.6** | **-6,831.9** |
| **Средства** | **3,258.4** | **4,113.2** | **4,257.5** | **4,082.5** | **4,634.0** | **4,571.9** | **5,171.3** | **5,157.3** | **5,913.6** | **6,307.8** | **6,416.1** | **6,692.4** | **6,163.8** | **6,179.1** | **6,698.8** | **6,856.1** |
| Директни инвестиции | 333.6 | 393.6 | 533.6 | 617.8 | 475.6 | 655.0 | 811.9 | 967.6 | 896.2 | 1,048.7 | 1,149.1 | 1,187.6 | 936.8 | 1,034.0 | 1,018.9 | 1,063.1 |
| Портфолио инвестиции | 25.9 | 45.5 | 63.1 | 107.7 | 155.0 | 212.6 | 255.2 | 300.2 | 321.2 | 341.1 | 366.2 | 381.5 | 406.1 | 352.5 | 402.3 | 429.1 |
| Финансиски деривати (освен резервите) и опции на вработените за купување акции | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Останат сопственички капитал | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.9 | 0.9 | 1.0 | 1.2 | 2.8 | 2.9 | 3.3 | 3.6 | 4.0 | 4.4 | 4.4 | 4.4 | 3.9 |
| Валути и депозити | 555.1 | 588.2 | 537.0 | 540.0 | 623.6 | 615.4 | 627.3 | 635.5 | 694.0 | 674.6 | 591.0 | 618.3 | 580.0 | 559.8 | 556.7 | 559.1 |
| Заеми | 86.3 | 320.1 | 246.4 | 91.3 | 98.2 | 67.1 | 52.1 | 56.1 | 74.5 | 374.4 | 336.9 | 393.4 | 79.1 | 295.1 | 161.0 | 311.5 |
| Шеми за осигурителни, пензиски и стандардизирани гаранции | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Трговски кредити и аванси | 543.0 | 696.9 | 684.1 | 730.3 | 842.7 | 757.4 | 809.6 | 858.8 | 1,057.2 | 998.8 | 1,040.8 | 979.5 | 894.4 | 915.7 | 915.5 | 1,009.0 |
| Останати сметки за наплата | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 1.4 | 1.5 | 1.7 | 0.5 | 0.1 | 0.5 | 0.5 | 0.2 | 0.6 | 0.3 | 0.3 | 0.4 | 0.2 |
| Девизни резерви | 1,714.5 | 2,068.9 | 2,193.3 | 1,993.0 | 2,436.5 | 2,261.8 | 2,613.4 | 2,336.3 | 2,867.1 | 2,866.4 | 2,928.2 | 3,127.5 | 3,262.6 | 3,017.3 | 3,639.7 | 3,480.2 |
| **Обврски** | **6,887.9** | **8,079.0** | **8,435.1** | **8,640.8** | **9,183.0** | **9,654.6** | **10,747.3** | **10,979.8** | **11,953.0** | **12,435.9** | **12,610.6** | **12,947.7** | **12,622.2** | **12,875.1** | **13,419.4** | **13,688.0** |
| Директни инвестиции | 3,514.8 | 3,914.4 | 4,146.8 | 4,485.7 | 4,378.3 | 4,951.3 | 5,392.2 | 5,598.1 | 6,141.3 | 6,256.0 | 6,400.2 | 6,588.3 | 6,580.0 | 6,831.8 | 6,795.0 | 6,821.4 |
| Портфолио инвестиции | 398.6 | 324.7 | 408.3 | 253.2 | 776.6 | 848.8 | 1,362.2 | 1,476.3 | 1,813.2 | 1,822.8 | 1,828.6 | 1,783.4 | 1,730.7 | 1,655.7 | 2,288.3 | 2,288.0 |
| Финансиски деривати (освен резервите) и опции на вработените за купување акции | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Останат сопственички капитал | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 4.1 | 4.4 | 4.3 | 6.0 | 2.3 | 4.2 | 4.2 | 4.1 | 4.1 | 4.0 | 4.1 | 4.1 | 4.2 |
| Валути и депозити | 195.8 | 134.0 | 198.7 | 168.4 | 157.7 | 148.5 | 174.2 | 195.2 | 206.2 | 208.7 | 221.5 | 207.9 | 254.2 | 259.6 | 276.5 | 238.6 |
| Заеми | 2,028.5 | 2,785.9 | 2,771.8 | 2,883.1 | 3,024.4 | 2,961.7 | 3,014.7 | 2,872.0 | 2,883.4 | 3,202.6 | 3,181.9 | 3,312.7 | 3,100.9 | 3,190.7 | 3,206.2 | 3,407.4 |
| Шеми за осигурителни, пензиски и стандардизирани гаранции | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Трговски кредити и аванси | 673.8 | 841.7 | 832.8 | 773.2 | 763.4 | 656.7 | 714.6 | 757.7 | 824.8 | 860.4 | 894.1 | 916.4 | 871.1 | 852.0 | 769.2 | 849.5 |
| Останати сметки за плаќање | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 52.9 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Специјални права на влечење (нето-создавање обврски) | 76.4 | 78.3 | 76.7 | 73.2 | 78.2 | 83.2 | 83.2 | 78.2 | 79.8 | 81.2 | 80.2 | 81.9 | 81.3 | 81.3 | 80.0 | 78.9 |

Извор: НБРСМ.







Извор: НБРСМ, ДЗС.

## *Ревизии на податоци*

Податоците за бруто надворешниот долг и побарувањата во ова соопштение содржат редовни ревизии на податоците за периодот јануари-јуни 2020 година. Промените кај бруто надворешниот долг и побарувањата произлегуваат од подобриот опфат на податоците кај трговските кредити и аванси и заемите. Од аспект на насоката на промените, во двата квартала на 2020 година, ревизијата на податоците доведе до зголемување на бруто надворешниот долг (за 2,1 и 5,4 милиони евра, соодветно) и бруто надворешните побарувања (за 0,1 и 3,5 милиони евра, соодветно). Истовремено, овие промени се одразија

и кај нето надворешниот долг, но и кај МИП, нето, како зголемување на нето надворешниот долг и повисока негативна нето МИП (за по 1,9 милиони евра во двата квартала).

***Придружни информации***

Временски серии податоци – годишни и квартални податоци за бруто надворешниот долг и бруто надворешните побарувања:
http://nbrm.mk/nadvoresen_dolg.nspx

Временски серии податоци – годишни и квартални податоци за меѓународната инвестициска позиција:
http://nbrm.mk/megunarodna_investiciska_pozicija.nspx

Методолошки појаснувања за бруто надворешниот долг и побарувања:
http://nbrm.mk/content/statistika/ND/metodologija/Metodologija_nadvoresen_dolg_5_2_2018.pdf

Методолошки појаснувања за меѓународната инвестициска позиција:
http://nbrm.mk/content/statistika/mip/metodologija/Metodologija_MIP_BPM6_9_10_2018.pdf

Следни објавувања: Календар на објавување на податоците:
http://nbrm.mk/content/statistika/kalendar/Kalendar_na_objavuvanje_podatoci.pdf
Квартален бруто надворешен долг, бруто надворешни побарувања и меѓународна инвестициска позиција: 31 март 2021 година (референтен пресек заклучно со декември 2020 година).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нѐ на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 103 (или 110/108).